Младински Културен
Центар – Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2018

**БИТОЛА, МАРТ 2019**

## ЗА МКЦ – БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е младинска, непрофитна, граѓанска организација основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

**Долгорочни цели:**

- Развој на волонтерството и неформалната едукација;
- Развој на демократското и граѓанското општество;
- Развој на урбаната култура и продукција.

**Краткорочни цели:**

- Одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија;
- Подобрување и јакнење на вештините кај младите;
- Поддршка и потикнување на граѓански иницијативи и кампањи;
- Поддршка и афирмација на урбаната култура.

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година како и партнерска организација на двете најголеми светски мрежи на волонтерски организации The Alliance и Service Civil International - SCI. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6 партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет и Сојуз на младински работници, член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Коалицијата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри "Time to talk".

## ВОВЕД

За повеќе од 20 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Петнаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а дванаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја  размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

Во последните неколку години, МКЦ – Битола вложува напори за позиционирање како сериозен актер и партнер во креирањето на јавните политики на локално и на национално ниво, најпрвин преку учество на дел од работниот тим во обуки за јакнење на капацитетот за мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. Работата на ова поле, МКЦ - Битола ја продолжува со учество во неколку национални проекти како локален партнер при што беше вклучена во изработката на 4 мониторинг извештаи (комуникации со јавност,  јавни набавки, децентрализација) кои се однесуваа на општините Битола, Демир Хисар, Новаци и Могила.  Дополнително, МКЦ – Битола активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стартегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола).

На крај, 2018 година ја обележа МКЦ – Битола како силна младинска и волонтерска организација преку големиот број успешно реализирани локални волонтерски акции со вклучување на повеќе од 100 младинци – волонтери, овозможувајќи им на таков начин активно

учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

## РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ:

Во текот на 2018 година, МКЦ – Битола продолжи со развивање и реализација на проекти и активности во рамките на новите пет програми:

1. Волонтерство
2. Неформално образование
3. Граѓански активизам
4. Урбана култура
5. Организациски развој

Развивањето на проектите и програмите претставува широко партиципативен процес на планирање врз база на потребите на корисниците и заедничка соработка со други граѓански организации и партнери од земјата и регионот. Притоа, главните компоненти на програмските активности за 2018 година беа насочени кон:

- Зајакнување на активизмот меѓу младите во локалната заедница преку волонтирање и понуда на можности за неформално образование,

- Процес на зајакнување на системите за финансиски менаџмент и управување со човечки ресурси, како и зголемување на видливоста на организацијата

- Активно учество и организација на јавни дебати, трибини и работилници за клучни прашања за граѓанскиот ангажман (волонтерство, младинска работа, вработливост на младите, активни мерки за вработување, неформално образование, младински активизам, младинско организирање),

- Поддршка за урбаната култура и продукција.

Програмата за 2018 година беше реализирана со поддршка на: Програмата Цивика Мобилитас на Швајцарската агенција за развој и соработка, ИПА програмата ЦФЦД Министерство за финансии на РМ, УСАИД Македонија, УНДП, Министерството за култура на РМ, Европската Комисија, Фондацијата отворено општество Македонија и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.

## ПРОГРАМА: ВОЛОНТЕРСТВО

## ПРОЕКТ: „ИНСПИРИРАЈ, ВКЛУЧИ СЕ, ВОЛОНТИРАЈ!“

Проектот овозможи создавање на култура на негување и практикување на волонтирање на младите луѓе во локалната заедница и активно учество на младите во процесите на донесување на одлуки на локално ниво. Како резултат на проектот општина Битола е прва општина во рамките на Р. Македонија која воспостави Локален Совет за волонтерство како институционален систем на соработка со граѓанскиот сектор.






Другите проектни активности вклучуваа организација на 5 јавни дискусии во Битола, Кавадарци, Свети Николе, Кочани и Тетово за промоција на моделот и за реплицирање на оваа идеја и во други локални заедници. Исто така, по повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите за прв пат беа доделени општински волонтерски награди, а проектни активности завршија во декември 2018 со организација на 3 волонтерски акции во кои беа вклучени повеќе од 150 млади луѓе од Битола. Проектот беше поддржан од УСАИД.




## ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2018

Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) по повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, од 2006 година востанови **Национални волонтерски награди во Република Македонија.**

Златен сертификат за волонтерство за 2018 година им доделивме на **Здружението Ајде Македонија** за националната волонтерска акција „**Сите сити**". Акцијата е фокусирана на намалувањето на фрлањето на храна и донирање на вишокот храна на тие што немаат. Акцијата преку различни активности мобилизираше 34 граѓански организации од 10 градови во Македонија и околу 800 волонтери. Златен сертификат за **континуиран волонтерски ангажман во заедницата** доби и **Борче Стаменов,** волонтер од Кавадарци**,** за акцијата **"Од нас, за нас"** во која тој има репарирано и донирано 60 компјутери низ цела Македонија.

## РАБОТИЛНИЦИ ЗА ВОЛОНТЕРИТЕ НА МКЦ-БИТОЛА „МЕДИА/АРТ КЛУБ"

Медиа/Арт клубовите поддржани од МОФ се место за млади луѓе кои сакаат креативно да ги изразат своите ставови и идеи. Медиа/Арт клубот за волонтерите на МКЦ - Битола им овозможи на младите да ги пренесуваат своите ставови на креативен начин и низ овој процес да научат повеќе за слободата на изразување. Средношколците и студентите кои беа дел од оваа приказна, работеа на различни теми и проблеми кои ги засегаат и се едуцираа за различни техники кои го поддржуваат младинскиот активизам - како аудио и видео изразување, фотографија, улична уметност. Членовите на Медиа/Арт клубот во декември организираа локална интервенција наречена „Тетовирани ѕидови", со цртање на портрет со ликот на Горан Стефановски. Локацијата е добро познатото „Ракометно игралиште", во близина на градскиот парк во Битола.



## ПРОГРАМА: НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

## ИПА ПРОЕКТ: „ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ СО ЦЕЛ УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРЕИРАЊЕТО НА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ"

Проектот се спроведуваше во текот на целата 2018 година како партнерски проект на Младински културен центар - Битола и Фондација Претприемнички сервис за млади, со финансиска поддршка на Европската унија во рамки на програмата IPA TAIB 2013.

Целта на проектот беше да придонесе во подобрувањето на организациските капацитети на граѓанскиот сектор и да го зајакне активното граѓанство во процесот на креирање на младински политики. Во рамките на проектот, МКЦ Битола успешно имплементира две проектни активности:

- **Три 2-дневни обуки** со разновидна и сеопфатна тренинг програма за градење на капацитети и вештини **за креирање младински политики и нивно застапување и лобирање** со кои беа опфатени вкупно 45 претставници на граѓанските организации. Како резултат на обуките беа креирани 10 препораки за влијанието на младинските политики, претставени во инфографик.
- **Три 2-дневни настани за вмрежување** на кои зедоа учество претставници на вкупно 45 граѓански организации, 6 релевантни државни институции, беа промовирани 9 најдобри пракси и одржани над 100 состаноци за соработка. Целта на настаните за вмрежување беше да се зајакнат меѓусебните односи, соработката и трансферот на знаење помеѓу граѓанските организации и другите државни и недржавни чинители релевантни во креирањето на младинските политики.

Во рамките на овој проект беше креиран и **онлајн курс** со пристап до програми, препораки, добри пракси, линкови и водичи за креирање младински политики, како и **прирачник** со современи методологии и техники за развој на вештини за лобирање и застапување, како и насоки за активно учество во креирањето младински политики.



## ИПА ПРОЕКТ: „ПЛАТФОРМА YOUSEE – ПЛАТФОРМА ЗА СОЦИЈАЛНИ ИНОВАЦИИ ЗА МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА"

Младински културен центар – Битола е партнерска организација за Република Македонија во рамките на регионалниот проект поддржан од Европската Комисија „**Платформа за социјални иновации во младинско вработување во југоисточна Европа".** Проектот се реализира во 7 земји на југоисточна Европа: Македонија, Црна Гора, Албанија, Косово, Србија, Босна и Херцеговина и Турција. Главна цел на проектот е да ги истражи состојбите со младинската невработеност во регионот и да понуди иновативни модели и решенија за поттикнување на младинската вработливост во земјите вклучени во проектот.

Во месец март 2018 година организиравме презентација и јавна дискусија на тема: ***„Практична работа – предизвици и примери од регионот".*** Основна цел беше претставување на состојбите и предизвиците со практичната работа (работна и студентска пракса) во Република Македонија како и претставување на примерите од регионот, вклучувајќи го и предлог ***Законот за изведување на работна пракса*** во Црна Гора, кој беше развиен во рамките на проектот. Согледувањата од дискусијата дадоа придонес кон иницијативата за донесување на **Закон на практичната работа** во Македонија, кој беше усвоен на крајот на 2018 година.







Во јуни организиравме национална конференција во Скопје на тема: **„Влијание на иновациите за надминување на младинската невработеност"** во која ги консултиравме сите засегнати страни за кратката анализа која ја развиваме во рамките на Платформата и за давање на препораки за унапредување на политиките за поддршка на иновациите за намалување на младинската невработеност. Воведничари на конференцијата беа: **Г-дин Златко Талевски -** Извршен директор на Младински културен центар – Битола, **Г-а Антоанета Иванова** – Програмски координатор – Фонд за Западен Балкан, **Г-дин Младен Фрчковски** – Советник во Министерството за труд и социјална политика**, Г-а Менка Гугулевска** – Раководител на сектор за активни мерки и услуги за вработување - Агенција за вработување на РМ, **Г-дин Јован Деспотовски -** Директор на Фондот за иновации и технолошки развој и **Д-р Моника Марковска** – Факултет за информатички и комуникациски технологии Битола. Кратката анализа беше публикувана на крајот од годината.

Во декември 2018 година по трет пат го организиравме настанот **„Саем за кариера 3“** во партнерство со **Фондот за иновации и технолошки развој**. Настанот вклучуваше штандовска презентација на компании кои нудат слободни работни места. Дел од настанот беа и интерактивни, инспиративни и едукативни работилници за мотивација на млади да започнат сопствен бизнис. **На Саемот за кариера беа претставени 15 компании и имавме над 250 посетители на настанот.**






Во рамките на вториот ден од Саемот имавме јавна презентација на новите активни мерки за вработување од страна на **Мила Царовска** – Министерка за труд и социјална политика и Директорот на Фондот за иновации и технолошки развој **Јован Деспотовски**. За 2019 година предвидена е поддршка за самовработување и развој на иновативни бизниси за млади со грантови од Оперативниот план и дополнителна поддршка од страна на Фондот за иновации.

## ПРОЕКТ: „МЛАДИНСКИ ИНФО КЛУБ ВО БИТОЛА“

Со подршка на UNDP, МКЦ-Битола продолжи со координација на активностите на **„Младинскиот инфо клуб“** на Универзитетот во Битола. Главна цел на клубот е да ги информира студентите за активните мерки на пазарот на труд, да понуди совети и материјали за унапредување на нивните можности за практична работа, неформално образование и јакнење на нивните вештини за полесна транзиција кон вработување. Во текот на годината се одржаа обуки за стекнување на меки вештини и се одржаа неколку средби за вмрежување на бизнис заедницата со млади невработени лица, баратели на работа.



## ПРОГРАМА: ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ

МКЦ - Битола активно соработуваше со други партнерски организации преку различни граѓански и младински иницијативи. Своето искуство и знаење го пренесувавме на локални граѓански организации преку обуки и консултантски услуги за подигање на капацитетите за граѓански активизам.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА МАКЕДОНИЈА - НМСМ

МКЦ- Битола како регионална канцеларија на Националниот младински совет на Македонија – НМСМ во 2018 година промовираше и имплементираше активности поврзани со процесите кои се случуваа, а се однесуваа на младите во Р. Македонија. Една од активностите беше организацијата на **консултативна средба** како дел од проектот **„Зошто закон за млади во Р.М?"** кој е спроведуван од НМСМ. Целта на оваа средба беше да се промовира потребата од Закон за млади во Р. Македонија, од една стран, и да им се даде шанса на младите од регионот како и сите актери кои се засегнати од Законот за млади да ги дадат своите препораки и придонес кон законот, од друга страна. Препораките кои беа добиени од оваа консултативна средба беа сумирани од страна НМСМ заедно со препораките од сите останати региони, при што беа доставени до соодветните институции како би се инкопорирале во драфт верзијата на законот.

Исто така, во изминатата година МКЦ- Битола и НМСМ имплементираа консултативна средба во рамките на националните консултации за **Структурен дијалог на Европската Унија** што претставуваше дел од VI циклус на Структурен дијалог на тема: **„Млади во Европа, што е следно"?**, со кој управуваа Естонија, Бугарија и Австрија. Целта на оваа средба беше да се креираат препораки кои ги отсликуваат интересите и потребите на младите луѓе во Македонија. Средбата се искористи за да се дискутираат тековните младински процеси на ниво на Република Македонија. На средбата присуствуваа претставници на младински организации, локални младински совети како и претставници на локалните самоуправи. Препораките и заклучоците од дискусијата беа вклучени во националните препораки на Македонија за процесот на Структурен дијалог.

## ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР – ДЕБАТЕН КЛУБ И „УЧИМЕ ПРАВО"

Во рамките на активностите на **Дебатниот клуб** се одржуваа работилници за зајакнување на вештините за дебатирање на младите луѓе и подготовка за учество на национални дебатни натпревари. Дебатата се изучува по World School форматот. Предавањата во склоп на активноста **„Учиме право"** се одвиваа според предвидениот курикулум, секоја сабота и воедно вклучуваа низа работилници и посети на разни државни институции или организации со јавни овластувања (Народен правобранител, општина, судови...) со цел подобро запознавање со работата на истите и намалување на јазот помеѓу овие институции и младите луѓе.

## МЛАДИНСКА АКЦИЈА „МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА МЛАДИ 2018"




По повод 12 август – Меѓународниот ден на младите организиравме креативни работилници и забава на Плоштадот Магнолија со жонглерската група Acid Triple. Нивното огнено шоу привлече многу посетители за достојно одбележување на денот на младите.




## ИПА ПРОЕКТ: „АКТИВНИ ЗАЕДНИЦИ ЗА СОЦИЈАЛНИ ПРОМЕНИ"

МКЦ – Битола во 2018 година, во рамките на иницијативата „Активни заедници за социјални промени" користејќи ја методологијата за социјална отчетност правеше мониторинг и оценка од заедницата на планирањето и имплементацијата на три селектирани активни мерки за вработување (Самовработување, Македонија вработува – субвенционирано вработување и Услуги за вработување на АВРМ) за 2017 и 2018 година. Во Битола селектирана заедница беше улицата Даме Груев каде се направи испитување на граѓаните по однос на степенот на користење, запознаеност, корисност и квалитет во спроведување на мерките програмите и услугите предвидени во Оперативниот план за вработување.

ОвоЈ проект е дел од активностите во рамки на проектот „Социјална отчетност за родова еднаквост“ кој го спроведува Здружението ЕСЕ во партнерство со Акција Здруженска и четири локални граѓански организации.

## ИПА ПРОЕКТ: „ПОДЕЛЕНО МИНАТО – ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА“

Во рамките на регионалниот ИПА проект **„Поделено минато – заедничка иднина“** реализиравме активности од втората национална кампања за помирување и градење на мир на Балканските простори. Проектот вклучува 18 организации од повеќе земји со различни вештини и области на екпертиза. Со комбинација на овие специфични можности проектот се базира на широка соработка и вмрежување на партнерските организации. Партнерски организации од нашата земја вклучени во проектот се Младински културен центар – Битола и Прогрес – Институт за социјална демократија.

Организиравме 2 **национални работилници** во Битола и Скопје за развој на иновативни модели за активности кои промовираат помирување. На работилниците учество зедоа над 90 претставници на граѓански организации, јавни институции, бизнис сектор и неформални групи на граѓани. Дел од развиените иницијативи имаат можност да аплицираат за поддршка преку регионалната програма за мали грантови во рамките на проектот.





Во рамките на промотивните активности реализиравме и **јавен настан под мотото “Шаренилото нѐ обединува“ во Градскиот парк во Битола.** Целта на настанот беше младите да испратат порака за глобален мир и разбирање.

Во мај 2018 организиравме промоција на истражувањето и јавна дискусија во Скопје на тема **„Процесот на помирување во Западен Балкан и Турција: состојба во Република Македонија“** на кое учество зедоа Г-дин Тоше Зафиров – истражувач од Прогрес Институт за социјална демократија, Проф. Д-р Рубин Земон и Д-р Александар Спасов.




## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА ГА МОСТ

МКЦ - Битола како регионална канцеларија **на ГА МОСТ** беше вклучена во иницијативата за мониторинг на гласањето за Референдумот 2018 за општините Битола, Демир Хисар, Могила и Новаци. МКЦ-Битола регрутира, обучи и распореди над **110 домашни набљудувачи**. Тие го набљудуваа процесот на гласање и известуваа за текот на гласањето на референдумот.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Од септември 2018 година МКЦ-Битола е регионална канцеларија на Коалицијата Сите за правично судење за проектот "Правен, финансиски и физички пристап до правда во основните судови во Република Македонија" финансиран од УСАИД. Регионалниот координатор за апелационо подрачје Битола ги координира набљудувачите на судските постапки за кои е побарано да има граѓански мониторинг. Проектот ќе трае до јануари 2020 година.

## ПРОЕКТ: „ПРИСТАП ДО ПРАВДА" – БЕСПЛАТНА ПРЕТХОДНА ПРАВНА ПОМОШ

Преку проектот „Пристап до правда во Македонија" кој МКЦ - Битола го спроведува согласно законот за бесплатна правна помош, зголемена е информираноста кај граѓаните за нивните законски загарантирани права и начини на нивна заштита. Во 2018-та година укажана е претходна правна помош на вкупно 162 граѓани од социјално загрозени семејства. Врз основа на вака укажаната помош поднесени се седум барања за бесплатна правна помош, од кои четири се одобрени и за истите веќе се покренати судски постапки. Што се однесува до преостанатите три барања, две се одбиени, а за едно барање, по барање на странката, постапката е запрена. Со цел подобрување на знаењето на граѓаните за придобивките од законот за бесплатна правна помош, одржани се 6 едукативни сесии во општините Битола, Могила, Кичево и Ресен на кои учество зедоа вкупно 105 граѓани.

## ПРОЕКТ: „ДОЛГОВИТЕ НА ПЕЛАГОНИЈА"

МКЦ-Битола во партнерство со ТВ Тера го имплементираше проектот кој има за цел преку бројки и анализи да се претстави реалната слика за долговите на општините, јавните

претпријатија и училиштата во Пелагониските општини. Во рамките на проектот беа изработени и емитувани три новинарски истражувачки стории за презентирање на резултатите. Сториите се достапни на следните линкови:

https://www.youtube.com/watch?time_continue=1&v=OfPY0RubzeU&fbclid=IwAR0pynSWaUia6ICdC8Z_N_bA2nsT8fUHgudHkp2iwladmm9FZoR62x9DGOE

https://www.youtube.com/watch?time_continue=5&v=BGL9Ar4xnwE&fbclid=IwAR1m9l1a3CN6Av72oKjUqZ7lDMramvhDH1ViS-vZWmg0kso4OMbMM9z9qYM

https://www.youtube.com/watch?time_continue=1&v=3AA5o5Iaagk&fbclid=IwAR1ZPmASOb1-BZbQjXgRTaXrPoLORB93IOLunB07KIiqDCM5qSvlXML59ec

## ПРОЕКТ: „АНАЛИЗА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ОПШТИНИТЕ ВО ПЕЛАГОНИЈА“

Основната цел на проектот е придонес кон зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритет на општините од пелагонискиот регион за спроведување на јавни набавки според потребите на граѓаните. Во текот на 2018 година беше спроведено истражување за спроведувањето на јавните набавки и проценка на почитувањето на стандардите за транспарентност, отчетност и интегритет во јавните набавки на општините за 2017 година. Резултатите од наодите од истражувањето и клучните препораки беа публикувани во посебен извештај на крајот од годината.

## МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2018"

Младинскиот културен центар – Битола (МКЦ-Битола), го реализираше 17-тото издание на фестивалот ***„Битола отворен град 2018".*** Четиридневниот фестивал беше одржан на различни локации во Битола и вклучуваше улични концерти, работилници, изложби и јавни дискусии. Фестивалот послужи како важна платформа за многумина уметници, млади луѓе и учесници од граѓански организации, да ги искажат своите ставови за општествено релевантни теми преку културни активности.

Гости на фестивалот беше екипата од Европската младинска престолнина за 2019 година Нови Сад со кои ја реализиравме јавната трибина **„Што може Битола да научи од Нови Сад?"** како и младинскиот предизвик, наградна игра во која 3 млади битолчани добија бесплатни влезници и бесплатно сместување за најдобриот европски музички фестивал **EXIT**.

Во Пациото на Музејот во Битола организиравме вечер посветена на Милан Младеновиќ и легендарните Екатарина Велика **„60 години од раѓањето на Милан Младеновиќ - како и понатаму да е тука".** Мултимедијален настан со проекција на видео спотови, документарен филм, фотографии и концерт со најголемите хитови на ЕКВ од најавтентичниот трибјут бенд на ЕКВ **- Deca Iz Vode.**



Другите настани вклучуваа изложба на **mail art**, изложба и работилница за **стрипови**, работилница за демократизација и децентрализација на јавните простори во соработка со **ЈАДРО**, како и специјален настан со концерт на битолската група **Фолтин.**

На главниот музички настан, кој за прв пат го организиравме на Плоштадот Гоце Делчев во Битола, настапија балканските поп-рок-реге ѕвезди **"S.A.R.S",** енергичните **"The Prodigy Live Tribute Band"** како и предводниците на новата музичка сцена во Македонија **"Funk Shui".**







## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ 2018

**УНЕСКО младински клуб на МКЦ – Битола** по шести пат се вклучи во оваа глобална акција и тоа со организирање на концерт на **Беличанска Квинтет** во соработка со кафе барот **Камарите** во Битола. Овој настан е дел од глобалната акција за прослава на Меѓународниот ден на џезот кој вклучува настапи и концерти во преку 100 земји во светот. Овој ден ги сплотува нациите и општествата прославувајќи ја уметноста на џезот, потенцирајќи ја неговата важна улога во охрабрувањето на дијалогот меѓу културите и цивилизациите, промовирајќи го човековото достоинство.



## НОВ КУЛТУРЕН БРАН 2018 – МУЗИЧКИ РИНГИШПИЛ

Проектот Музички рингишпил ја приближи операта како музички израз до децата, презентира музичкото творештво со стилска и жанровска разновидност на еден поинаков, иновативен и интерактивен пристап, анимира и едуцира нова музичка публика. Оваа иницијатива се реализира во партнерство помеѓу Младински културен центар – Битола, ОУ "Св. Климент Охридски" Битола и со групата Триангл од Скопје.



Училиштето ОУ "Св. Климент Охридски" Битола беше домаќин на детската, интерактивна, музичко-драмска претстава *"Операта на шумските животни"* во изведба на групата Триангл од Скопје. Повеќе од 200 деца на возраст од седум и осум години зедоа активно учество во овој проект. Децата за прв пат видоа опера за деца во живо. Повеќето никогаш немале слушнато за овој музички жанр.

## ЈАДРО – „УЧЕСТВУВАМЕ, ЗАСТАПУВАМЕ, МЕНУВАМЕ" – ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА И ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПРОСТОРИ ПРЕКУ НОВ МОДЕЛ НА ИНСТИТУЦИЈА НА ЈАВНО-ЦИВИЛНО ПАРТНЕРСТВО

Во септември 2017 година, после три години интензивна работа се регистрира првата хибридна институција на цивилно-јавно партнерство во земјава меѓу ЈАДРО и Општина Центар од Скопје наречена Културно-социјален простор „Центар-Јадро". Намерата на проектот „УЧЕСТВУВАМЕ, ЗАСТАПУВАМЕ, МЕНУВАМЕ" е да ги претстави процесите на застапување во рамки на овој пионерски модел инициран во Скопје, преку серија на јавни презентации, работилници, културни интервенции и дебати. Истовремено во соработка со 5 партнерски организации (МКЦ-Битола, Стрип центар на Македонија-Велес, Љоја-Тетово, Медиа Артес-Охрид и ИНКА-Струга) да отпочне процес за развивање на модели со свои локални специфики за формирање на културно–општествени центри во Битола, Велес, Тетово, Охрид и Струга.

Во Битола се реализираа серија на работилници кои овозможија зацврстување на позицијата на граѓанските организации во културата и поширокиот граѓански сектор на локално ниво и

придинесоа кон процесите за демократизација и демонополизација на јавната сфера. Во 2018 година започнаа застапувачките активности со Локалната самоуправа на општина Битола.





## ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА „МАЛО ФОЛИО ЗА ТЕАТАР“ ОД ПРОФ. Д-Р ИВАН ДОДОВСКИ

Промотори на изданието беа: Владимир Милчин, режисер, и Иван Јерчиќ, актер и директор на Народниот театар од Битола. Специјална гостинка на промоцијата беше актерката Јоана Поповска, доајенка на македонското глумиште. Настанот го модерираше Искра Гешоска, културолог.




Обемната театролошка студија „Мало фолио за театар“ (358 стр., формат Б5) во голем дел се однесува на развојот на театарот во Битола и претставува капитален придонес во историјата на културата на градот Битола и на македонскиот театар и култура воопшто. Со оваа научна публикација се одбележува неговиот значаен јубилеј - 25 години театролошка работа - и со неа проф. д-р Иван Додовски на вистински начин го афирмира и му се оддолжува на својот роден град Битола.

## ИЗЛОЖБА 30 ГОДИНИ ТВОРЕШТВО ЉУБЕ БОБЕК НЕДЕЛКОВСКИ

На ретроспективна изложба на Љубе Неделковски – Бобек од 1986 – 2018, беше изложен дел од неговиот 30 годишен творечки опус на дела: икони на ќерамида, слики на платно во

маслена техника од голем формат и минијатури со препознатлива иконографија на жанрот кој што го негува - пејсажи, мртва природа, портрети и др. Неговите дела оставаат печат на ова време, како човек творец, сликар, уметник, хронолог и документатор кој со својот труд и љубопитност се обидел да се разбере себеси и светот што го опкружува и тоа несебично да ни го пренесе во своите слики.





## ПОДДРШКА НА МЛАДИ МУЗИЧАРИ – МУЗИЧКО СТУДИО

**Музичкото студио** на МКЦ-Битола продолжи да овозможува простор за проби на млади музички бендови од Битола. Неколку десетици млади музичари од Битола и регионот своите проби ги одржуваат во нашето студио.

## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Ова е нова програма предвидена во Стратешкиот план на организацијата 2017-2020 година. Главните цели на програмата се однесуваат на следните три клучни точки:

- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок;
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата;
- Континуирано да ги јакни капацитетите на членството и волонтерите.

Во текот на 2018 година со значајната поддршка од институционалниот грант од Програмата Цивика Мобилитас бевме фокусирани на 3 сегменти и тоа на: ***подобрување на системот за финансиско работење*** во организацијата, ***развој на подобрен систем за менаџирање со човечките ресурси*** и ***зголемување на видливоста на организацијата*** преку нов пристап во односите со јавноста со посебен фокус на профилите на социјалните мрежи. Во рамките на оваа програма се реализираа редовните состаноци на органите и телата на МКЦ-Битола и континуирано се посетуваа обуки, работилници и тренинг курсеви за зголемување на вештините и знаењата на персоналот, членовите и волонтерите во организацијата.

МладинскиКултурен Центар-Битола МКЦ


**Младински културен центар – Битола**
ул. Цар Самоил 29 Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020 Факс 047 203 925
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
www.volonter.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola